РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 02-03-2022
Организационе единице | Број | Прилог | Вредност
11-311/1
Ев.бр. 314

Здружение Челоништки ко... за човекови права
Бр. 03-132
28.02.2

**До:**

Општина Битола
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Општина Битола ги бараме ја бараме следната информација од јавен карактер, кои се однесуваат на периодот **2018-2021 година**:

1. **Во согласност со Националниот Акциски План (2018-2023) за имплементација на Истанбулската Конвенција, за остварување на ЦЕЛ 3 Превенција родово базирано и семејно насилство, предвидени се да се спроведат општи обуки за родово базирано насилство и семејно насилство со вработени од локалните тела за еднакви можности на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) како и општи обуки за одговорните лица за социјална заштита во рамките на ЕЛС;**

**-Ве молам наведете дали се изработени модули за спроведување на овие обуки? Ако одговорот е ДА, наведете кој ги има изработено истите и што содржат истите.**
**-Ве молам наведете колку обуки се одржани во периодот од 2019-2021.**
**-Ве молам наведете колку лица/вработени од локалните КЕМ и од одговорните лица за социјална заштита успешно ја поминале обуката и станале обучувачи? Дополнително наведете колку вкупно лица се обучени на годишно ниво.**

Форма во која се бара информацијата:

а) увид

б) препис

в) фотокопија

**г) електронски запис**

д) друго------------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:

**а) по пошта**

б) телефон

в) факс

**г) е-маил**

д) друго----------------------------------------------------------------------

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Виолета Налевска
Раководител на одделение за јавни дејности

Бр.11-31/2
02.03.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-31/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА *

Примила
Анита
Атанасовска
02.03.2022

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 04.03.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-31/3 | | | |


ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за јавни дејности

До
Цветанка Ристевска
Лице за посредување при остварување
На слободен пристап до информации од јавен карактер

**Предмет**: Одговор на Барање со бр. 11-31/2 од 02.03.2022

Во врска со Вашето барање бр. 11-31/2 од 02.03.2022 Ве информираме дека Општина Битола нема изработено модул за обуки бидејќи нема компетентни лица кои би ги изработиле, но секоја год. се издвојуваат средства од општинскиот буџет преку Програмата за еднакви можности и во соработка со здруженијата на граѓани се врши едукација на учениците во основните и средни училишта за превенција од семејно насислство.

Оваа година 2022 во Програмата за еднакви можности се издвоени средства за отварање на советовалиште за жртви на семејно насилство кое е во фаза на реализација во соработка со Националната мрежа за семејно насилство. Преку истата мрежа во соработка со ЗГ Семпер и Клеа се одржаа неколку состаноци за наодите од истражувањето и новините и обврските согласно Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство.

Во понеделник Општина Битола ќе потпише меморандум за соработка со Национална Мрежа против насилство врз жени и семејно насилство.

Лице за контакт и координатор за ЕМ : Анита Ангелевска 075-397-500

Со почит,

04.03.2022

Раководител на одд. за јавни дејности
м-р Виолета Налевска

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-31/4
14.03.2022

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот со стан на поднесено на **25.02.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 Дали се изработени модули за спроведување на обуки? Прашање бр.2 Колку обуки се одржани во периодот од 2019-2021? Прашање бр.3 Колку лица/вработени од локалните КЕМ и од одговорните лица за социјална заштита успешно ја поминале обуката и станале обучувачи?**(детален опис на прашањата во барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од со стан на имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-31/1
2. Допис до Одделение за јавни дејности со бр.11-31/2 од 02.03.2022
3. Одговор од Одделение за јавни дејности со бр.11-31/3 од 04.03.2022

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 14.03.2022 година, под бр. 11-31/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk